Врз согласност со чл.385, 387, 388, 388-а од Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/2004; бр.25/2007; бр.42/2010; бр.61/16) и чл. 25 од Статутот на акционерското друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук Фруктал Мак - Скопје, с.Моране, Управниот одбор објавува :

# ЈАВЕН ПОВИК

## За свикување на седница на собрание на акционери на ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ

Се известуваат акционерите на друштвото дека седницата на собранието ќе се одржи на ден 23.12.2022 година со почеток во 14:00 часот, во просториите на Фруктал мак АД Скопје, со седиште во с.Моране,ул.5 бр.41, Скопје.

За собранието на Акционерското друштво се предлага следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел :**

1.Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;

2.Утврдување на кворум за работа;

3.Избор на Претседавач на Собранието;

**Работен дел :**

4.Усвојување на записникот од собранието на акционери одржано на ден 15.11.2022 година

5. Предлог одлука за донесување и одобрување на зделки со заинтересирани страни

Акционерите треба да го пријават своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание со писмена пријава за учество во седиштето на друштвото.

Секој акционери може да овлсти свој полномошник на Собранието со полномошно дадено во писмена форма и заверено на нотар.

Акционер може да овласти свој полномошник и со полномошно дадено во писмена форма кое не е заверено на нотар, при што акционерот кој го издал полномошното треба веднаш писмено да го извести друштвото за даденото полномошно кое треба да биде приложено кон прријавата за учество. Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Акционерите кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да предложат дополнување на дневниот ред со вклу;ување на една или повеќе точки во дневниот ред на собрание кое е веќе свикано,ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка, како и да предлагаат одлуки и да поставуваат прашања до друштвото за точките на дневниот ред.

Барањето за вклучување точки во дневниот ред на собранието кое што е свикано, предлагањето одлуки и поставувањето прашања се доставува до свикувачот на собранието во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.

Увид во материјалите од дневниот ред акционерите можат да извршат 15 дена пред одржувањето на собранието во просториите на друштвото во Скопје,с.Моране, од 08:00-16:00 часот како и на интернет страната на друштвото www.fructal.com.mk на која се објавени и сите информации согласно чл.388-б од Законот за трговски друштва.

Претседател на Управен одбор

Зоран Ѓуриќ